

# ПОВЕЛБА

за професионалните и работните права на новинарите и медиумските работници


Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ССНМ

RESIS
Институт за истражување на општествениот развој

**Тамара Чаусидис**

# ПОВЕЛБА

за професионалните
и работните права на новинарите
и медиумските работници

**Скопје, април 2025**

**Наслов:**
ПОВЕЛБА за професионалните и работните права на новинарите и медиумските работници

**Издавачи:**
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници - ССНМ
Институт за истражување на општествениот развој – РЕСИС

**Автор:**
Тамара Чаусидис

**Лектура:**
Маја Катарова

**Техничко уредување:**
Златко Делчев

**Фотографија на корица:**
freepik.com

Оваа анализа е изработена за потребите на проектот „Работнички права за независно новинарство", што заеднички го имплементираат Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на издавачите и не ги одразува нужно гледиштата на Европската Унија.

## Преамбула

Слободата на информирање е темел на демократијата и јавниот интерес. Новинарите и медиумските работници, како чувари на ова право, заслужуваат професионални и работни услови што обезбедуваат независност, достоинство и заштита од политички и од економски притисоци.

### Член 1:
### Право на независност, слобода на изразување и приоритет на јавниот интерес

1. Правото на јавноста да биде информирана е основен принцип на демократијата и мора да биде над сите други интереси, вклучувајќи ги и интересите на работодавачите, политичките партии и економските актери.
2. Новинарите и медиумските работници имаат право на слобода на изразување, слободен пристап до информации и истражување на сите аспекти на јавниот живот, без страв од цензура или притисоци.
3. Професионалната независност на новинарите мора да биде заштитена од секоја форма на манипулација, влијание или притисок.
4. Никој не може да го принуди новинарот или медиумскиот работник да изврши професионална задача или да објави материјал што е спротивен на неговите етички принципи или професионални уверувања.
5. Новинарите имаат право да одбијат да потпишат содржина што е изменета без нивна согласност или што го нарушува нивниот интегритет и објективност.

## Член 2:
## Недискриминација при вработување

1. Секој новинар и медиумски работник има право на еднакви можности за вработување, без дискриминација врз основа на пол, раса, религија, националност, боја, сексуална ориентација, возраст или други лични карактеристики.

2. Работодавачите и синдикатите треба да спречат каков било облик на малтретирање или притисок врз вработените поради нивната етничка припадност, пол, сексуална ориентација, перцепции или здружување.

## Член 3:
## Заштита на работните услови

1. Секој новинар и медиумски работник има право на достоинствени и безбедни работни услови, вклучувајќи соодветни работни простории, опрема и ресурси.

2. Работните договори мора да бидат во пишана форма, транспарентни и да ги дефинираат работното време, платата, бенефициите и правата и обврските на вработените.

3. Работодавачите треба да обезбедат фер и редовни надоместоци, вклучувајќи здравствено и пензиско осигурување, платени одмори и други права, согласно законите.

4. Прекувремената работа мора да биде регулирана, а работните часови да обезбедат баланс помеѓу професионалниот и личниот живот.

## Член 4:
## Заштита на хонорарните и договорните новинари

1. Хонорарците и самовработените медиумски работници мора да имаат пристап до истите социјални права како редовно вработените, вклучувајќи здравствено осигурување, платени одмори и пензиско осигурување.

2. Работодавачите не смеат да користат договори на определено време како механизам за избегнување на социјалните обврски.

3. Новинарите ангажирани на проектна основа треба да имаат јасни договори што ги дефинираат нивните права и обврски.

**Член 5:**
**Право на учество и информираност**

1. Новинарите и медиумските работници имаат право да бидат информирани за сите значајни одлуки што влијаат врз функционирањето на медиумот, вклучувајќи организациски промени, уредувачки политики или финансиски трансформации.

2. Работодавачите имаат обврска да ги консултираат новинарите и медиумските работници пред донесување одлуки поврзани со:

    - Вработување, отпуштање или прераспределба на персоналот.

    - Измени на работните услови и политиките за управување со медиумот.

    - Уредувачката насока на медиумот.

3. Редакциите треба да бидат активно вклучени во процесите на донесување одлуки што се однесуваат на професионалните стандарди, содржината и иднината на медиумот.

**Член 6:**
**Право на синдикално организирање**
**и колективно преговарање**

1. Новинарите и медиумските работници имаат право на слободно синдикално организирање и право да преговараат колективно за своите работни услови.

2. Работодавачите не смеат да вршат притисок врз вработените што се синдикално активни или учествуваат во колективни активности.

3. Синдикатите и професионалните здруженија треба да учествуваат во донесувањето одлуки што се однесуваат на работните услови и професионалните права на вработените.

**Член 7:**
**Прекувремена работа и работни часови**

1. Прекувремената работа треба да биде регулирана и, кога е можно, да биде ограничена на исклучителни случаи.

2. Работодавачите не смеат да ги принудуваат новинарите и медиумските работници да работат над законски дозволените работни ча-

сови, а кога тоа е неопходно, тие треба да бидат адекватно компензирани.

3. Вработените и хонорарно ангажираните имаат право на рамнотежа помеѓу личниот и професионалниот живот, и нивните работни часови треба да се регулираат во согласност со здравите работни практики.

**Член 8:**
**Етички стандарди и професионална одговорност**

1. Новинарите и медиумските работници се должни да се придржуваат до етичките стандарди на професијата, како што се вистинитост, објективност, транспарентност и одговорност кон јавноста.
2. Работодавачите треба да обезбедат обуки и ресурси за поддршка на професионалниот развој на вработените.
3. Медиумите треба да имаат механизми за проверка на точноста на содржините и за спречување на ширење дезинформации.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОВЕЛБАТА

Слободата на информирање е темел на демократијата и основно човеково право, меѓутоа секогаш кога новинарството се сведува на манипулација, сензационализам, пропаганда, ширење омраза или заштита на интереси што не се во полза на општото добро, оваа слобода, која е основ на сите други слободи и темел на човечкото достоинство е - сериозно ускратена или загрозена.

Слободата на информирање се нарушува и кога носителите на јавни функции одбиваат да одговараат на новинарски прашања или да даваат отчет за својата работа, како и кога институциите на власта дозволуваат деградација и претворање на медиумите во пропагандни машинерии, така што ги поттикнуваат или ги игнорираат механизмите со помош на кои новинарите и медиумските работници се третираат како економско робје, за да бидат послушни.

Слободата на информирање е невозможна без слободно и одговорно новинарство. Тоа, пак, бара почитување на етичките и професионалните стандарди и вредности, како што се интегритетот, точноста, праведноста, независноста и одговорноста во информирањето. Но, овие стандарди виреат само во услови на економска независност и професионално достоинство. Тешко е да се говори за професионални стандарди кога новинарите и медиумските работници се слабо платени, со несигурни и понижувачки ниски хонорари и недостоинствени услови за работа.

Со развојот на технологијата и подемот на социјалните мрежи, извесно е дека иднината на медиумите и новинарите зависи, пред сè, од квалитетот на содржините што тие ги произведуваат. Ако медиумите се откажат од истражувачкото новинарство, добрите прикази и извештаите од терен, тие неминовно ја губат довербата на јавноста, а новинарството ја губи причината за своето постоење - да биде во служба на вистината и општото добро.

**Ниско платени работни места**

Новинарите и медиумските работници ја сакаат својата работа. Но, наместо да бидат наградени со пристојни плати, сигурни работни места и морална поддршка, индустријата немилосрдно ја експлоатира токму таа нивна посветеност и љубов кон работата.

Со децении сведочиме дека професионалците во овој сектор се соочуваат со бројни предизвици и ограничувања[1], кои значително влијаат врз нивната мотивираност и посветеност на вредностите на независното и етичко новинарство. Врз основа на можноста што ја дава Законот за работните односи [2] и слободните интерпретации на неговата примена од страна на раководствата во медиумите, иако е видно намалена, сепак сѐ уште е присутна појавата на ангажирање новинари или медиумски работници во редовниот продукциски процес со договори на определено време или со авторски договори (таканаречен хонорарен статус), што ги става во несигурна позиција на работното место.[3] Ваквите договори ги спречуваат работниците да планираат долгорочно, создавајќи чувство на несигурност и ранливост и оневозможува да ги уживаат сите загарантирани работни права.

Дополнително, приходите во оваа професија се често нестабилни и ниски, што се одразува врз животниот стандард на вработените[4]. Фактот што новинарството е слабо платена професија, ги прави новинарите ранливи и подложни на различни влијанија. На тој начин, улогата на медиумите, како противтежа на моќта, е сведена на минимум.

Прекувремената работа, особено за време на кризни или други важни настани, е честа појава, а за таа работа новинарите не се секогаш соодветно платени, што доведува до исцрпеност и до нарушување на балансот помеѓу нивниот професионален и личен живот.[5]

[1] Според наодите од истражувањето „Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници“, кое за потребите на ССНМ го спроведе Институтот РЕСИС, главни проблеми во медиумите се ниските плати, стресот во работата и непочитувањето на основните работнички права гарантирани со Законот за работните односи. С. Трпевска, ССНМ, Скопје, 2024.
[2] Согласно член 46, став 1 од Законот за работните односи (2023), договор за вработување на определено време може да се склучи за вршење исти работи, со прекин или без прекин, до пет години.
[3] Според истражувањето „Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници“,17% од испитаниците се со договор на определено време, а 7% од новинарите се со хонорарен статус.
[4] Ibid. Околу половина од новинарите и 70% од медиумските работници имаат примања под просечната месечна плата од 37.065 денари за периодот мај-октомври 2023.
[5] Ibid. Четвртина од анкетираните новинари (28%) работат над законски дозволените работни часови, а околу една петтина извршуваат задачи што се надвор од утврдениот работен опис.

Бенефициите, како здравствено и пензиско осигурување, платени одмори и боледувања, се минимални или целосно недостапни за новинарите што не се редовно вработени. Овој недостиг од институционална заштита ја става оваа категорија новинари и медиумски работници во ранлива позиција, со тоа што им ја ограничува можноста да ги остварат своите работни права и ги прави подложни на експлоатација и работен стрес.

Од своето основање до денес, ССНМ ја нагласува потребата за промени во третманот на работните и професионални услови на новинарите и медиумските работници и оваа Повелба е уште еден повик кон институциите, медиумите и јавноста да ја препознаат вредноста на новинарството како јавно добро и да преземат одговорност за неговата заштита и унапредување.

**Синдикалната заштита е важна за новинарите,**
**но и за општеството**

И покрај пробивот што е направен од формирањето на Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници - ССНМ, во 2010 година, факт е дека сè уште постојат значителен број приватни медиуми каде што синдикалното организирање де факто е забрането и секој обид да се адресираат прашања за условите за работа се смета за непријателски чин што може да предизвика последици по работното место.[6]

Во вакви услови, новинарите, не само што се демотивирани, туку и ограничени во можноста да известуваат слободно и објективно, што директно влијае врз квалитетот и точноста на информациите што ги добива јавноста.

Повелбата има за цел да ја реактуализира пораката до институциите и до граѓаните дека почитувањето на нивните човекови права, демократијата, безбедноста и правдата директно зависи од тоа дали земјата има моќни и независни медиуми во кои работат професионалци, кои благодарение на својот кредибилитет, обезбедуваат вистинити и точни информации.

Затоа во оваа Повелба за работни и професионални права на новинарите се  инкорпорирани и елементи, кои ја нагласуваат важноста од синдикалното организирање, како предуслов за исполнување на уставно загарантираното право на слобода на изразување, како основно човеково право.

---

[6] Големите медиуми само ја продолжуваат праксата за дестабилизација и суспендирање секаков обид за синдикално организирање, карактеристичен за однесувањето на приватните компании. За синдикализмот во транзицијата види на: Инда Костова-Савиќ "Синдикализмот во Република Северна Македонија по независноста (1991-2021)". Скопје: Фондација „Фридрих Еберт", 2021.

Конципирањето на текстот на Повелбата за работни и професионални права и нејзината промоција и прифаќање од страна на актерите во медиумскиот сектор, не само што ќе значи чекор во насока за заштита на новинарите и медиумските работници, гарантирајќи ја нивната независност и професионално достоинство на работното место, туку и чекор кон поставување рамка, која ќе го заштити правото на јавноста да биде информирана преку професионален и независен новинарски ангажман.

## Зошто Повелба?

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, од своето основање во 2010 година до денес, е потписник на две повелби: Повелба за солидарност потпишана со група синдикати и синдикални движења во Македонија и Повелба за работните услови на новинарите на Европската федерација на новинарите.

ССНМ е иницијатор и еден од основачите на Повелбата за солидарност[7], која, особено во периодот од 2013 до 2019 година, се користеше како заеднички именител на активна групација што обединува слободни синдикати и левичарски движења. Таа е резултат на отпорот на негативните трендови во трудовото законодавство, па дури и отворените антисиндикални активности, кои ги влошуваа условите за работа на сите работници. Во медиумите, тоа е време на колективни отпуштања од работа, затворања и влошувања на економскиот и професионалниот статус на вработените.[8]

Повелбата за работните услови на новинарите на Европската федерација на новинарите - ЕФН, ССНМ ја потпиша во 2019 година, во Белград, заедно со 13 други синдикати или новинарски здруженија од земјите на Западен Балкан и Турција. Таа се состои од 10 члена, кои се однесуваат на главните принципи што влијаат врз односите меѓу новинарите и менаџментот на медиумите.[9]

На инцијатива на ССНМ, оваа Повелба, во 2020 година беше потпишана од Здружението на новинарите на Македонија, Советот за етика во медиумите во Македонија, Онлимит медиа и дигиталниот медиум Види вака. Оваа повелба ги поставува темелите и клучните принципи и вредно-

[7] Повелба за солидарност на синдикатите и сите пријатели на работниците во Македонија, ССНМ, Скопје , 2013

[8] Види повеќе на: Бела книга за професионалните и работни права на новинарите, ССНМ, Скопје, 2014

[9] Повелба на Европската федерација на новинари за условите за работа на новинарите, Белград, 2019

сти врз кои се гради новата повелба, која треба да биде дизајнирана според спецификите на македонскиот медиумски простор.

Со оваа Повелба за заштита на работните и професионалните права на новинарите, ССНМ ги инкорпорира досегашните искуства на меѓународната и на домашната сцена и ги поставува основните принципи и обврски, кои треба да обезбедат:

- Заштита на новинарите од економски и од политички притисоци.
- Почитување на етичките стандарди како темел на професионалното новинарство.
- Создавање услови за достоинствена работа и фер надомест за секој новинар, независно од медиумот или формата на вработување.

Изборот на повелба, како форма, има неколку значајни предности во однос на ‘колективниот договор’, кој, како правна алатка, е карактеристичен за синдикалното дејствување, но, исто така, и во однос на ‘декларацијата’, која повеќе е документ од симболична или советодавна природа, особено во контекст на медиумската индустрија, која се соочува со специфични предизвици.

Една од клучните предности на повелбата како форма е нејзината универзалност. Таа поставува основни стандарди, кои важат за сите новинари и медиумски работници, независно од нивниот статус - било да се редовно или привремено вработени, хонорарци или самовработени. За разлика од колективниот договор, кој се однесува само на одреден круг вработени и зависи од работодавачите што го потпишале, повелбата ги опфаќа сите категории новинари и медиумски работници, обезбедувајќи правична заштита без исклучоци.

Колективниот договор е правно обврзувачки, но само за страните што го потпишале и на одреден, однапред договорен, временски рок, додека декларацијата останува само на симболично ниво и нема директна правна сила.

Повелбата како документ прави баланс помеѓу правата и обврските на новинарите. Таа, не само што ги дефинира економските и работните услови, туку и ја нагласува потребата од почитување на етичките стандарди и професионалните вредности, како интегритет и објективност. Тоа ја издвојува од декларацијата како форма, која, главно, промовира морални принципи, но не нуди механизми за нивна примена.

Повелбата има и поголема правна и морална тежина. Таа може да биде усвоена институционално и да служи како рамка за законски измени или колективни договори, со што добива практична примена.

Повелбата е флексибилна и прилагодлива, овозможувајќи примена во различни контексти - од традиционални до дигитални медиуми. Таа ги препознава новите форми на работа, како што се хонорарното и самовработувањето, што колективниот договор ретко ги опфаќа. Оваа карактеристика ја прави повелбата релевантна и во современиот медиумски пејзаж, каде што атипичните работни односи се сè позастапени, редакциите се сè помали, а линијата меѓу сопствениците и вработените некогаш и не постои.

Конечно, повелбата го истакнува значењето на професионалната независност на новинарите. Таа предлага мерки за заштита од економски и од политички влијанија, што е од суштинско значење за квалитетно новинарство, јавната доверба во медиумите и нивната улога како чувари на демократијата.

Иако, Повелбата може да биде предмет на договор помеѓу ССНМ и медиумите или надлежните институции, таа има и значење и може да служи како платформа за дејствување на синдикатот во комуникацијата со овие институции и менаџментот на медиумите. Тоа значи дека овој текст не претставува нужно обврзувачки документ за потпишување, туку може да има функција на алатка што ССНМ ќе ја користи во лобирањето за заштита на правата и подобрување на работните услови.

Со други зборови, Повелбата функционира како водич за поставување стандарди за вработување и работни услови во медиумите, при што синдикатот ќе ја користи како основа за дијалог со медиумските работодавачи и институции. Во преговорите и комуникацијата со надлежните органи, оваа Повелба ќе послужи како платформа за постигнување договори и решенија, кои ќе овозможат унапредување на правата и заштитата на новинарите и медиумските работници, без потреба од непосредно потпишување колективни договори, таму каде што условите сè уште не се созреани.

## Основни принципи и улога на Повелбата

Повелбата за работни и професионални права на новинарите треба да обезбеди заштита на основните работни услови, како што се минимални стандарди за работното време, плата, здравствено осигурување, платено

отсуство и безбедност на работното место. Овие стандарди[10] треба да бидат прецизно дефинирани и обврзувачки за сите новинари и медиумски работници, со цел да се создадат достоинствени и безбедни услови за работа во медиумската индустрија.

Покрај тоа, Повелбата мора да обезбеди осигурување на правата на тие што работат на договори на определено време или на „проектна основа", како што се т.н. 'хонорарци' или новинари без постојан договор. За оваа категорија работници треба да се вклучат заштитни мерки, кои ќе спречат злоупотреба на ваквите договори. Целта е да се создаде рамка, која ќе го намали ризикот од нестабилност и злоупотреба на работните услови.

Правото на синдикално организирање е, исто така, еден од клучните елементи на оваа Повелба. Новинарите мора да имаат право да формираат и да се зачленуваат во синдикати без страв од реперкусии од страна на работодавачите или други влијанија.[11] Ова право треба да биде заштитено и работодавачите ќе бидат обврзани да обезбедат простор и ресурси за синдикални активности, како и да ги поддржат напорите на новинарите за колективно преговарање и заштита на своите права.

Заштитата од цензура и политички притисоци е еден од основните принципи. Новинарите мора да имаат право да работат без страв од цензура или од политички вмешувања во нивната работа. За да се постигне тоа, треба да се обезбедат правни рамки и механизми за новинарите да можат да пријават случаи на цензура или притисок. Медиумите и новинарите треба да бидат независни и заштитени од какви било надворешни влијанија што можат да ја загрозат нивната професионална етика и независност.

Со оваа Повелба, ССНМ, не само што ќе се залага за заштита на интересите на новинарите, туку и ќе ја постави основната рамка за долгорочна соработка со медиумските компании, институциите и синдикатите, со цел континуирано подобрување на професионалните стандарди во медиумската индустрија.

---

[10] Станува збор за темелни категории на Меѓународната организација на трудот содржани во конвенциите кои Македонија како членка ги има потпишано. Види: Ратификувани конвенции на МОТ , интернет-страница на Конфедерацијата на слободни синдикати КСС, пристапено на 3.12.2024

[11] IBID, Конвенција 87 и 98 на МОТ.

ПОВЕЛБА



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

С С Н М

RESIS ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ